6.10

- претставници на други субјекти доколку нивната дејност е од значење за олеснувањето.

3. Претседател на Националниот комитет за олеснување е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство во својство на национален координатор за воздухопловно олеснување.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Национален комитет за олеснување („Службен весник на Република Македонија" бр.169/17).

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-2576/5
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

3444.

Врз основа на член 60 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2024 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦИВИЛНО-ВОЕН КОМИТЕТ

Член 1

Со оваа одлука се формира Цивилно-воен комитет за извршување на работите поврзани со управување и флексибилно користење на воздушниот простор (во понатамошниот текст: Цивилно-воен комитет), со цел да се обезбеди ефикасно стратешко управување со воздушниот простор (ASM ниво 1).

Член 2

Цивилно-воениот комитет се состои од по двајца претставници (член и заменик член), кои на барање на координаторот на Комитетот се номинираат од:

- Министерството за транспорт,
- Агенцијата за национална безбедност,
- Министерството за одбрана,
- Министерството за внатрешни работи,
- Агенцијата за цивилно воздухопловство и
- Давателот на ATM/ANS услуги.

Член 3

Работата на Цивилно-воениот комитет ја координира претставникот номиниран од давателот на ATM/ANS услуги.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-2577/6
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

3445.

Врз основа на член 25 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2024 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСТА ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

1. Со оваа одлука се формира Национален комитет за управување со безбедноста во воздухопловството, заради извршување на работите утврдени во член 25 став (2) од Законот за воздухопловство.

2. Националниот комитет за управување со безбедноста во воздухопловството се состои од по двајца претставници, (член и заменик член), кои на барање на претседателот на Комитетот за безбедност се номинираат од:

- Министерството за транспорт,
- Министерството за одбрана,
- Министерството за внатрешни работи,
- Агенцијата за цивилно воздухопловство,
- Операторот на воздухопловно пристаниште,
- Давателот на ATM/ANS услуги,
- Здружението на оператори на воздухоплови и
- претседателот на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

3. Претседател на Националниот комитет за управување со безбедноста во воздухопловството е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Национален комитет за управување со безбедноста во воздухопловството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/20).

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-2579/8
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.